Број 9 Година XIV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јуни 2020

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучокот за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош, донесен на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/1**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с,р,**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Уредбата со законска сила за ограничување на правото на исплата на паричните паушали и паричните надоместоци на претседателите и членовите на одборите на директори, претседателите и членовите на управните и надзорните одбори, претседатели и членови на комисии, работни групи и советодавни и експертски телаформирани од државната и локалната власт и претседателите и членовите на советите на едниците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба бр.44-2867/1 од 06.04.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.94/2020, врз основа на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош, 09-2316/10 од 16.04.2020 година, донесен на триесет и осмата седница и точка 2 од Решението за поведување постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за ограничување на правото на исплата на паричните паушали и паричните надоместоци на претседателите и членовите на одборите на директори, претседателите и членовите на управни и надзорни одбори, претседатели и членови на комисии, работни групи и советодавни и еспертски тела формирани од државната и локалната власт и претседателите и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба У.бр.141/2020 од 27.05.2020 година, донесено од Уставниот суд на Република Северна Македонија Советот на Општина Карпош, на четириесеттата седницата, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош**

1. Со овој Заклучок Советот на Општина Карпош го поништува Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош бр.09-2316/10 од 16.04.2020 година, донесен на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3666/4**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, донесена на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/2**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10,180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на Општина Карпош на четириесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош**
**за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421210 Централно греење | 0 | 0 | -450.000 | 0 | 0 |
| 423990 Други матријали | 0 | 0 | -170.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 800.000 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги | 0 | 0 | 0 | -24.000 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 480140Купув. На инфор.опрема | 0 | 0 | 0 | 24.000 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | -60.000 | 0 | 0 |
| 485710 Книги за библиотека | 0 | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| **В10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 421210 Централно греење | 0 | 0 | -1.000.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | -600.000 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | 0 | -200.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 Средства за хигиена | 280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410Прехрамбени продукти | 0 | -600.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 300.000 | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 425970 Консултански услуги | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 300.000 | 400.000 | 0 | 0 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 0 | -270.000 | 0 | 0 | 0 |
| 486110 Купув. На мот. Возил | -280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВА0 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 480140 Куп. На информ.опрема | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 |
| 483120Купување на училишен мебел | 0 | 270.000 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“ и истата станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година.

**Број: 09-3666/5**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција, донесена на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/3**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 5, став 1; член 6; член 9, став 2, алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), а во врска со Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром бр.09-5055/8 од 04.07.2019 година, донесена на дваесет и петата седница на Советот на Општина Карпош, а објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.12 од 2019; Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Аеродром и Општина Карпош за вршење работи од областа на градежната инспекција бр.09-581/15 од 26.11.2019 година; Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција бр.09-8730/12 од 12.12.2019 година и Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција бр. 09-3052/16 од 28.05.2020 година, Советот на Општина Карпош, четириесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција

### Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција 09-3052/16 од 28.05.2020 година, на начин што во членот 2 од истата се бришат датумите 16.06.2020 до 15.09.2020 година, а на нивно место се запишуваат датумите 01.07.2020 до 01.10.2020 година.

По изменувањето и дополнувањето, членот 2 гласи:

**„Член 2**

Продолжувањето на соработката од член 1, се однесува на вршење на работи од областа на градежната инспекција од страна на лицето Олга Влинтоска, вработена во Општина Аеродром на работно место советник овластен градежен инспектор, за потребите на градежната инспекција во Општина Карпош на пола работно време (4 часа) за период од 01.07.2020 до 01.10.2020 година.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3666/6**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈОУДГ „РаспеанаМладост “ Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈОУДГ „РаспеанаМладост“ Општина Карпош, донесена на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/4**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на четириесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈОУДГ „РаспеанаМладост “ Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност да се промени корисникот на електричното броило од Општина Карпош на ЈОУДГ „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје.

**Член 2**

Врз основа на согласноста дадена во став 1 од оваа одлука, се менуваат титуларите, односно се менуваат корисниците од корисник општина Карпош во корисник ЈОУДГ „Распеана Младост “ , со број на корисник 000053482 и место на потрошувачка 000000136919.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за енергетска ефикасност при Секторот екологија и енергетска ефикасност да поднесе барање до ЕВН за завршување на постапката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3666/7**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија, донесена на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/5**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02); член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Одлуката за давање согласност за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош бр. 44-1656/20 од 19.05.2020 година донесена од Влада на Република Северна Македонија, Советот на Општина Карпош, на четириесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош прифаќа во трајно користење без надомест движна ствар, како следи:

- Топлински пумпи (7 парчиња)
- Карактеристики: Даикин ERLQ016CV3/EHBX16CB9W
- Вредност во денари: 3.700.009,18 денари

**Член 2**

Движните ствари наведена во член 1 од оваа Одлука се прифаќаат на трајно користење во корист на Општина Карпош, без надомест.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да склучи договор со Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија со кој се уредуваат правата и обврските на движните ствари од член 1 од оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3666/8**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прифаќање движни ствари – прозори и врати на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање движни ствари – прозори и врати на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија, донесена на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/6**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02); член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Одлуката за давање согласност за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош бр. 44-1656/4 од 19.05.2020 година донесена од Влада на република Северна Македонија, Советот на Општина Карпош, на четириесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање движни ствари – прозори и врати на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош прифаќа во трајно користење без надомест движна ствар, како следи:

- **Прозори**
- Марка Алпхацан (шест коморни термоизолирани ПВЦ профили)
- Количина (м2) 174.78
- **Врати**
- Марка Алпхацан (шест коморни термоизолирани ПВЦ профили)
- Количина (м2) 33.2

Вкупна вредност (прозори и врати) во денари: 2.116.714,00 денари

**Член 2**

Движните ствари наведени во член 1 од оваа Одлука се прифаќаат на трајно користење без надомест, на Општина Карпош, за потребите на ЈУОДГ Мајски Цвет – Скопје на улица „Римска“.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да склучи договор со Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија со кој се уредуваат правата и обврските на движните ствари од член 1 од оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3666/9**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка ПИКОЛИНИ Скопје - (пречистен текст)**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка ПИКОЛИНИ Скопје - (пречистен текст), донесено на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/7**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002); член 148, член 190, член 191, член 192, член 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06; член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18; “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19), и Барањето за давање согласност на Статут за приватна установа за деца бр.03-093 од 15.06.2020 година, Советот на Општина Карпош, на четириесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка ПИКОЛИНИ Скопје - (пречистен текст)**

1. Се дава согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка ПИКОЛИНИ Скопје – (пречистен текст) бр.03-87/4 од 27.05.2020 година, донесен од основачот Приватна детска градинка Интернешенал Кидс Академи Скопје со ЕМБС 7062427, со седиште на бул. 8ми Септември бр.13, Скопје – Карпош.

2. Решението да се достави до основачот Приватна детска градинка Интернешенал Кидс Академи Скопје со ЕМБС 7062427 со седиште на бул. 8ми Септември бр.13, Скопје-Карпош.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-3666/10**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје – пречистен текст**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје – пречистен текст, донесено на четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3811/8**
**Датум:26.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002); член 148, член 190, член 191, член 192, член 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06; член 32 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/05, 120/05 и 51/11) и член 182 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија бр.104/19, 146/19 и 275/19 ), Мислењето издадено од Министерство за труд и социјална политика бр.10-7670/2 10-2383/1 од 04.03.2020 година и Барањето за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје – пречистен текст број 11-3305/1 од 04.06.2020, Советот на Општина Карпош, на четриесеттата седница, одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје – пречистен текст**

1. Се дава согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје – пречистен текст бр.0306-43/3 од 02.10.2019 година, донесен од основачот Приватна установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје со ЕМБС 6783848 и ЕДБ 4057012517200, со седиште на улица Никола Парапунов бр.25А, Скопје-Карпош.

2. Решението да се достави до основачот ДРуштво за производство, услуги и трговија на големо и мало МЕТАЛХЕМ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6783848 и ЕДБ 4057012517200, со седиште на улица Никола Парапунов бр.25А, Скопје-Карпош.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-3666/11**
**Датум:25.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош, со Заклучок за објавување,
2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување,
3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција, со Заклучок за објавување,
4. Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈУОДГ „Распеана Младост“, Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување,
5. Одлука за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија, со Заклучок за објавување,
6. Одлука за прифаќање движни ствари – столарија (прозорци и врати) на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија, со Заклучок за објавување,
7. Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градимка ПИКОЛИНИ Скопје (пречистен текст) врз основа на изменување и дополнување на Статутот, бр.03-87/4 од 27.05.2020 година, со Заклучок за објавување, и
8. Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје (пречистен текст), бр.0306-43/3 од 02.10.2019 година, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци